РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-828/3
04-06-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 32-рата седница одржана на 22.05.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-2995/1 од 18.11.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за неправилности во постапка за именување на /// училиште во ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај веќе постапил друг надлежен орган – Државниот просветен инспекторат.

Предметот со број 12-2995/1 од 18.11.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 18.11.2025 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за неправилности во постапка за именување на /// училиште во /// и оформен е предмет број 12-2995/1 од 18.11.2025 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за нерегуларност на постапката, прикривање и манипулација со гласачки материјал и вршење притисок на дел од вработените, за што подносителот на пријавата цени дека претставува злоупотреба на службената положба од страна на службени лица во насока на фаворизирање на едно од предложените имиња.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за доставување податоци и информации до Државниот управен инспекторат и до Државниот просветен инспекторат.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени на барање на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
По наводи за пропусти при гласањето на /// при донесување на предлог-мислење за име на /// училиште во /// и наводи за пропусти во Деловникот за работа на Наставничкиот совет, содржани во претставка од анонимен подносител во која, меѓу другото, се содржани и наводи за неправилности во постапките за гласање за иницијативите за именување на училиштето, постапил Државниот просветен инспекторат.
Содржината на Записникот /// од /// година упатува на тоа дека Училишниот одбор на /// училиште во /// донел одлука за измена и дополнување на Деловникот за работа на Наставничкиот совет во која се содржани одредби кои се однесуват на околности поврзани со начинот на гласање по одредени прашања. Државниот просветен инспектор укажал на директорката на училиштето во најкус можен рок за извршеното изменување и дополнување на Деловникот да ги запознае членовите на Наставничкиот совет, како и на тоа училиштето да изготви нов Деловник за работа, со истиот да бидат запознаени членовите на Наставничкиот совет и да биде доставен и до Државниот просветен инспекторат ///.
Дополнително, во Записникот е содржана констатација дека според новиот Статут на училиштето од /// година и според член 4 од Решение за давање согласност од Министерството за образование и наука од 16.12.2025 година, името на училиштето е /// – ///.
Во Записникот /// од /// година државниот просветен инспектор укажал да се додефинираат вонредни седници и редовни седници на Наставничкиот совет во Деловникот за работа и новоизработениот Деловник да се почитува во целост.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај веќе постапил друг надлежен орган – Државниот просветен инспекторат.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.С., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar